# SUPER SIGL

**<u>Опис на производот</u>**

**Супер Сигл е течно средство со бела боја која се состои од високи масни алкохола, кополимерен материјал и природен восок. Се користи за заштита на сите видови на природен и вештачки камен, дрвени подлоги, масивно дрво , бетонски полирани површини, керамички плочки, ПВЦ фолија, мермер, пластични подни површини и сл. а посебно на места каде доаѓа до почести оштетувања заради механички триења. Благ е и убаво мириса и долго задржува тенок заштитен слој на работните површини.**

**<u>Примена и област на употреба</u>**

**Средството се нанесува на работната површина во многу тенок слој рачно или машинско нанесување. Количината односно бројот на наслаги зависи од длабочината на оштетувањето на работната површина и од желбата колкав сјај сакаме да имаме. Секоја работна површина, пред употреба на Супер Сигл мора да биде детално очистена од нечистотии и од претходни останати наслаги и е потребно да биде потполно сува за да има поголем ефект средството кое го нанесуваме.**

**<u>Екологија</u>**

**Составот на средството осигурува потполна заштита кон животната средина бидејќи не содржи ниту една штетна супстанција во себе, после употребата многу брзо се суши и не е осетливо на атмосферски прилики. Не навлегува во водотеците, не е корозивно, не е запаливо.**





